РЕАКЦИЈА

# ЗНМ: Осуда за нападот врз РСМ, осуда и за однесувањето на властите кон новинари од соседни земји

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го осудува нападот на дел од демонстрантите врз редакцијата на „Радиото Слободна Македонија“ (РСМ) кај Владата во Скопје и бара од институциите веднаш да ги открие напаѓачите и најостро да ги казни.




„Секој напад врз новинарите е напад врз слободата на говорот и правото на граѓаните да бидат информирани. Неказнувањето на насилството може да доведе до многу посериозни последици врз сигурноста и безбедноста на новинарите“, реагираат од ЗНМ.

Исто така, ЗНМ го осудува и, како што велат, непримерното однесување на властите кон новинарите од соседните земји.

„Несфатливо е што властите им забраниле влез во Македонија на тројца новинари од весникот ’24 часа’ од Бугарија, а еден новинар од Телевизија ’Топ Ченел’ од Албанија бил задржан на информативен разговор во Скопје. Со вакви непромислени постапки властите создаваат негативна слика за Македонија во регионот. Ги повикуваме институциите да не ги попречуваат новинарските екипи во нивната работа и да не креираат недоверба во јавноста кон новинарската професија“, стои во реакцијата на ЗНМ.

MKD.mk
Like Page 105K likes
Recommend 1 Twe G+1 0

## Сподели

Share 1 Tweet

## Политика

[Судот ја стопира постапката за „Поткуп“,...]
[Сите од Пржино в петок на преговори во Виена]
[Обвинителите од СЈО и официјално побараа Иванов...]
[Борисов: Кој ме познава знае дека јас со Груевски...]
[Случај „Транспортер“: СЈО бара притвор за 11 лица...]
[Демолирана Народната канцеларија на претседателот...]

## Објавено на

18 Април 2016 - 14:31